

# Создадов парфем што ги разгорува страстите

**Како дел од светската промоција на својот парфем „Анскриптед“ за „Авон“, ѕвездата од хит-серијата „Вовед во анатомија“ зборуваше ексклузивно за нашиот магазин**

Пишува | Катерина Трајановска

Класичен, но истовремено и модерен, лесен, со чиста мирисна нота, не многу тежок. Вака би ја опишале новата машка тоалетна вода потпишана од славниот американски актер Патрик Демпси. На ова тој би додал и дека се работи за унисекс-мирис бидејќи, според него, и жените може да го користат. Ѕвездата од серијата „Вовед во анатомија“ беше доста инволвиран во самиот процес на создавањето на тоалетната вода „Анскриптед“ (Unscripted), чиј назив може да се преведе „без сценарио“, нешто што е импровизирано. Приказната за мирисот почнува со неговиот став дека секој треба да ја следи својата страст и да функционира без сценарио, што е многу возбудливо. Вели, кога ја следиш својата страст, како да ти се отвора еден нов сосема поинаков свет.

Додека разговаравме, од прозорот на неговата канцеларија во Лос Анџелес се слушнаа сирени од полициски автомобили, па тој почна да се шегува.






## Доктор Шепард го врати на врвот

**Патрик беше популарна тинејџерска ѕвезда во периодот на 80-тите години на минатиот век, но подоцна во неговиот живот следеа, професионално, но и приватно, неколку разочарувачки моменти. Роден е пред 41 година во американското гратче Мејн. Бил проблематично дете и родителите едвај успеале да го спасат од затвор, а не стасал ни да заврши средно училиште. Тешко е да се поверува дека еден од најзгодните актери на денешницата како мал имал прекар Амеба, бидејќи бил низок и неразвиен во текот на целото школување. Актерството го засакал на 11 години кога се приклучил на локална водвиљска трупа. Подоцна се преселил во Лос Анџелес, каде што се снаоѓал работејќи различни работи, а меѓу другото, рекламирал и долна облека.**

**Прва средба со славата доживеал на 22 години, кога благодарение на комедијата „Не можеш да ми купиш љубов“ станува тинејџерска икона. Истата година се венчава со Роки, 48-годишната мајка на неговиот најдобар другар. Денес вели дека тој брак бил целосно промашување и дека многу лошо влијаел на неговата актерска кариера. Во текот на 90-тите години на минатиот век се редат безначајни улоги и гостувања во неколку серии. Работите тргнале по нагорна линија дури во 1999 година кога ја запознал сегашната сопруга Џилијан Финк, позната холивудска шминкерка и сопственичка на козметичката куќа „Делукс“, со која има три деца, ќерката Талула и близнаците Дарби и Саливен. По неколку успешни епизоди во серијата „Вил и Грејс“, Патрик се пријавил на две аудиции за две улоги што барале да глуми доктор. Улогата во „Д-р Хаус“ ја добил британскиот актер Хју Лори, но затоа, пак, нему му успеало со доктор Дерек Шепард во серијата „Вовед во анатомија“, која кај нас се емитува на телевизија „А1“. Откако почна да се прикажува оваа серија, Патрик повторно стана едно од најбараните лица во светот на шоу-бизнисот и вторпат го почувствува вкусот на славата.**

**Демпси е успешен и на филмското платно, па ви препорачуваме да го гледате во следниве остварувања: „Сладок дом Алабама“ (2002), „Како да ја украдеш невестата“ (2008) и „Маѓепсани“ (2007). Следниот филм, „Св. Валентин“, со одличната актерска екипа, составена од Џулија Робертс, Џесика Алба, Ен Хатавеј, Ширли Меклејн и囚Ештон Качер, ќе ја доживее својата премиера во 2010 година.**

***- Мислам дека ќе ме уапсат. Не знам што се случува надвор. Модната полиција доаѓа да ме собере.***

По промоцијата на својот парфем преку веб-конференција со новинари од целиот свет, Патрик замина на снимање епизоди од новата сезона од серијата „Вовед во анатомија“.

**Како ја почнавте соработката со козметичката куќа „Авон“ и зошто се одлучивте за создавање заеднички парфем?**

- Па, тие ме повикаа и јас, знаете, бев пријатно изненаден од можноста да направам тоалетна вода бидејќи тоа е нешто за што никогаш порано не сум размислувал. И откако се договоривме, знаев дека ќе треба да се движиме нанапред, отидов во продавница и ги купив речиси сите парфеми што беа на пазарот, со намера подобро да сфатам што функционира, а што не на ова поле и ако не функционира, што е причината за тоа. Набргу правењето тоалетна вода ми стана нов предизвик. И тоа е она што најмногу ми се допадна во целиот процес на правењето на парфемот. Беше многу возбудливо.

**Вашата сопруга Џилијан Демпси е позната шминкерка. Дали таа Ви помогна во креирањето на парфемот?**

- Да, таа беше постојано покрај мене. Некогаш се согласуваме, а некогаш воопшто не околу тоа во која насока треба да се движиме што, пак, беше доста забавно. Но, јас секогаш го вреднувам нејзиното мислење, а овојпат побарав доста нејзини совети. Беше многу забавно бидејќи првпат имавме можност да работиме заедно. Исто така работев доста и со Кристен, сестрата на Џилиен, што значи, на некој начин, како да се работеше за семеен бизнис и за прифаќање туѓо мислење за тоа што им се допаѓа или не. Да се биде дел таа соработка беше навистина забавно. Се забавував многу повеќе отколку што првично очекував.

**Објаснете ни го концептот зад парфемот „Анскриптед“?**

- Сметам дека во основа секој од нас има нешто кон што чувствува голема страст. А кога ќе вложите повеќе енергија во остварувањето на таа страст, мислам дека животот автоматски ќе ви се подобри. Тоа, на некој начин, е концептот на парфемот.

**Каде ја подготвивте рекламната кампања и зошто токму тоа место го одбравте?**

- Кампањата ја направивме во еден прекрасен ден на еден огромен ранч во близина на Санта Барбара во Калифорнија. Многу се забавував додека снимавме. А и автомобилот беше одличен, „мерцедес 190 СЛР“, мал олдтајмер наменет за тркање. Беше интересно да се возам по тие мали споредни патеки со брзината што ја посакував, со фотографот кој покрај мене се обидуваше да го зграпчи тој момент на фотографија. Си поминав неверојатно возбудливо додека работевме. Исто така, мора да кажам дека оваа кампања е поинаква од тие што „Авон“ ги правеше во минатото, а особено ми се допадна што беа многу отворени да се обидат да направат нешто ново.

**Имате необично хоби, автомобилски трки, па претпоставувам дека возењето автомобил во рекламата беше Ваша идеја...**

- Кога би можел да работам нешто друго, тогаш би се тркал со автомобил. Го сакам тркањето. Го сакам и целиот свет. Ги сакам и луѓето во него. Сакам предизвици, ментални и физички. И, секако, тоа е моја страст.